# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 12 Февруари 2008 година<br>Службен гласник број 3<br>Овој примерок чини 100 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден | Трезорска см. при НБРМ 100000000063095<br>Буџет на Општина Прилеп 756014065763013 |

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА КАПИТАЛНО-ИНВЕСТИЦИСКИОТ ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ЗА ОТПАДНИ ВОДИ И САНАЦИЈА НА ДЕЛ ОД КАНАЛИЗАЦИОНАТА МРЕЖА ВО ПРИЛЕП**

1. Заклучокот за усвојување на Информацијата за капитално-инвестицискиот проект за изградба на пречистителна станица за отпадни води и санација на дел од канализационата мрежа во Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 434/1
12.02.2008 Година
П р и л е п

Член на Советот кој
го заменува
ГРАДОНАЧАЛНИКОТ
на Општина Прилеп
Златко Димоски

Врз основа на член 14 став 1 точка 4 и член 26 став 1 точка 11 од Статутот на општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 08.02. 2008 година, претресувајќи ја Информација за капитално-инвестицискиот проект за изградба на пречистителна станица за отпадни води и санација на дел од канализационата мрежа во Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
за усвојување на Информацијата за капитално-инвестицискиот проект за изградба на пречистителна станица за отпадни води и санација на дел од канализационата мрежа во Прилеп

1. Се усвојува Информацијата за капитално-инвестицискиот проект за изградба на пречистителна станица за отпадни води и санација на дел од канализационата мрежа во Прилеп.

2. Советот на Општината го поддржува Проектот за изградба на пречистителна станица за отпадни води и санација на дел од канализационата мрежа на градот Прилеп, како прв проект во Република Македонија, кој се реализира со искористување на претпристапните фондови.

3. Советот на Општината ќе биде редовно информиран за активностите околу реализацијата на Проектот.

4. Заклучокот ќе се објави во "Службен гласник на Оштина Прилеп".

Број 07 - 402/2 ПРЕТСЕДАТЕЛ
08.02. 2008 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА СОСТОЈБАТА СО ЗАРАЗНИТЕ ЗАБОЛУВАЊА ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Заклучокот за усвојување на Информацијата за состојбата со заразните заболувања во општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 434/2 Член на Советот кој
12.02.2008 Година го заменува
П р и л е п ГРАДОНАЧАЛНИКОТ
на Општина Прилеп
Златко Димоски

Врз основа на член 14 став 1 точка 9 и член 26 став 1 точка 11 од Статутот на општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 08.02. 2008 година, претресувајќи ја Информацијата за состојбата со заразните заболувања во општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
за усвојување на Информацијата за состојбата со заразните заболувања во општина Прилеп

1. Се усвојува Информацијата за состојбата со заразните заболувања во општина Прилеп, со Предлог - мерките за подобрување на санитарно - хигиенската и епидемиолошката состојба.

2. Заклучокот ќе се објави во "Службен гласник на Оштина Прилеп".

Број 07 - 402/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
08.02. 2008 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОТПИШУВАЊЕ ПОВЕЛБА ЗА ПРИЈАТЕЛСТВО И СОРАБОТКА НА ОПШТИНА ПРИЛЕП, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ОПШТИНА ВИНСЕНТ - ПЕРТ, ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА**

1. Одлуката за потпишување Повелба за пријателство и соработка на Општина Прилеп, Република Македонија и Општина Винсент - Перт, Западна Австралија, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 434/3 Член на Советот кој
12.02.2008 Година го заменува
П р и л е п ГРАДОНАЧАЛНИКОТ
на Општина Прилеп
Златко Димоски

Врз основа на член 14 став 4 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/2002) и член 11 и 26 став 1 точка 11 од Статутот на општина Прилеп ("Службен гласник на општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 08.02. 2008 година донесе:

О Д Л У К А
за потпишување Повелба за пријателство и соработка на Општина Прилеп, Република Македонија и Општина Винсент-Перт, Западна Австралија

Член 1

Споделувајќи ја заедничката желба за меѓународен мир и добробит, со стремеж кон општо разбирање во своите земји и народи, заради подобрување на нивниот живот во заедницата, развивање на културните, пријателските и економските врски, соработката , обичаите и традициите, се донесува Одлука за потпишување Повелба за пријателство и соработка на Општина Прилеп, Република Македонија и Општина Винсент-Перт, Западна Австралија.

Член 2

Се овластува МАРЈАН РИСТЕСКИ, градоначалник на општина Прилеп да ја потпише Повелбата за пријателство и соработка на Општина Прилеп, Република Македонија и Општина Винсент-Перт, Западна Австралија.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп.

Број 07-402/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
08.02. 2008 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА АВТО-ТАКСИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за авто-такси превоз на патници во општина Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 434/4 Член на Советот кој
12.02.2008 Година го заменува
П р и л е п ГРАДОНАЧАЛНИКОТ
на Општина Прилеп
Златко Димоски

Врз основа на член 53 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Сл. весник на РМ“ бр.68/04 и 127/06), член 36 став 1 точка 15од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“бр.5/2002) и член 26 став 1 т.20 од Статутот на општина Прилеп(„Сл. гласник на општина Прилеп“ бр.6/2003 и 4/2005), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 08.02.2008 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА АВТО-ТАКСИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП**

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа Одлука се одредува авто-такси превозот на патници во општина Прилеп и тоа:

- локацијата и капацитетот на такси станиците отворање на нови и укинување на постојните;
- обележувањето, опремувањето и начинот на користење на такси станиците;
- бојата на возилата со која се врши авто-такси превоз на патници;
- утврдувањето на тарифата за авто-такси превоз на патници;
- максималниот број на такси возила со кои може да се врши такси превоз на патници и
- издавање на лиценци за вршење на авто-такси превоз.

## II. ЛОКАЦИЈА И КАПАЦИТЕТ НА ТАКСИ СТАНИЦИ, ОТВОРАЊЕ НА НОВИ И УКИНУВАЊЕ НА ПОСТОЈНИТЕ

Член 2

Во општина Прилеп се утврдуваат следните локации и капацитет на такси станици за такси возила со кои се врши превоз на патници и тоа:

| Р. бр | Име на такси станицата | Локација на такси станицата | Капацитет на ТС |
|---|---|---|---|
| 1. | “АВТОБУСКА” | Ул.”Сотка Ѓорѓиоски”бб-на паркингот | 25 |
| 2. | “ТВ ПРИЛЕП” | Ул.”Браќа Ламески”бб на паркингот | 20 |
| 3. | “МЕДИЦИНСКИ ЦЕНТАР” | Ул.”Прилепски Бранители”бб на паркингот | 8 |
| 4. | “ТЕАТАР” | Ул.”А.Македонски”бб на паркингот | 5 |
| 5. | ОУ”КОЧО РАЦИН” | УЛ.”Кеј 1-ви Мај”бб на паркингот | 5 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6. | "ЖЕЛЕЗНИЧКА СТАНИЦА" | Ул."Гоце Делчев"бб на паркингот | 10 |
| 7. | "ТОЧИЛА" | Ул."Браќа Миладиновци"бб на паркингот | 15 |
| 8. | "ТОЧИЛА" | Ул."Пере Тошев"бб на паркингот | 15 |
| 9. | "ТОЧИЛА" | Ул."Новопроектирана"бб на паркингот | 20 |
| 10. | "БОЛНИЦА" | Ул."Трајко Тарцан"бб на паркингот | 20 |
| 11. | "ФАКУЛТЕТ" | Ул."Прилепски бранители"бб на паркингот | 15 |
| 12. | "КАСАРНИ" | Ул."Васко Карнгелески"бб на паркингот | 10 |
| 13. | "СТОКОВНА 4-ти ЈУЛИ" | Ул."Кеј 9-ти Септември"бб на паркингот | 5 |
| | | | |
| 14. | ДЕТСКА ГРАДИНКА "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" | Ул."Радовишка" бб на паркингот | 5 |
| 15. | ОУ"ДОБРЕ ЈОВАНОСКИ" | Ул."11-ти Октомври"бб на паркингот | 10 |
| 16. | "САЛА МАКЕДОНИЈА" | Ул."Цане Кузманоски"бб на паркингот | 5 |
| 17. | "СОЛИДНОСТ" | Ул."11-ти Октомври"бб на паркингот | 15 |

Член 3

Капацитетот на такси станици го предлага Одделението за локални патишта и улица.

За отворање на нова, измена на капацитетот и укинување на постојна авто-такси станица одлучува Советот на општина Прилеп.

Иницијатива за отворање на нова или измена на капацитетот на такси станица може да даде Одделението за локални патишта и улици по сопствена иницијатива или по писмено образложено барање на овластени претставници на авто-такси превозниците.

Постојна авто-такси станица може да се укине или нивниот капацитет намали поради:

- реализација на урбанистички план;
- барање од надлежен орган на управата;
- несоодветно одржување по мислење на Одделението за локални патишта и улици на општина Прилеп.

Член 4

На една авто-такси станица можат да бидат паркирани онолку татси возила колку ѓшто е капацитетот на таа авто-такси станица. Авто-такси станицата можат да ја користат само авто-такси превозниците кои имаат добиено лиценца за вршење на авто-такси превоз на патници.

## III. ОБЕЛЕЖУВАЊЕ, ОПРЕМУВАЊЕ И НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ НА АВТО-ТАКСИ СТАНИЦИТЕ

Член 5

Обележувањето, опремувањето и начинот на користење на такси станиците го врши и определува Одделението за локални патишта и улици на општина Прилеп.

Обележувањето на авто-такси станиците се врши по потреба, која ја кое го цени Одделението за локални патишта и улици, а врз основа на сообраќајно техничка документација во согласност со постојните прописи, нормативи и стандарди.

Такси станицата се обележува со известителна табла и со ознаки за обележување на површината наменета за паркирање на такси возила.

Известителната табла има натпис „TAXI“ (на латиница), а под него текстот „ТАКСИ СТАНИЦА“ и името на такси станицата испишано на македонски јазик со кирилско писмо.

Известителната табла има облик на правоаголник со стандардни димензии и боја.

Член 6

На авто-такси станица мора да има поставено определен број на корпи за отпадоци по оценка на Одделението за комунални работи, а може да се постави и друга урбана опрема (настрешници, клупи за седење и слично).

За чистотата и уредоноста на авто-такси станицата се грижи ЈКП„Комуналец“ Прилеп.

Член 7

Трошоците за обележување и опремување на нова авто-такси станица како и за изготвување на документацијата од член 5 став 2 на оваа одлука паѓаат на терет на општина Прилеп.

Член 8

Надоместокот за користење на авто-такси станица изнесува 5 евра во денарска противвредност месечно и се плаќа однапред за преостанатите месеци од тековната година.

Член 9

На површината на такси станицата мора да бидат обележани со стандардни ленти - штрафти онолку места за паркирање (застанување) на такси возилата колку што е капацитетот на такси станицата.

На површината на секое обележано место за паркирање (застанување) на такси возила е испишана ознаката „TAXI“(на латиница).

Лентите-штрафтите за обележување на местата за паркирање на такси возилата и буквите на ознаката „ТАХИ“ се со жолта боја.

**IV. БОЈА НА ВОЗИЛАТА**

Член 10

Бојата на возилото со кое се врши авто-такси превоз на патници е жолта, освен комбинацијата на бои заштитена во согласност со Закон.

На бочните страни (на предната или на двете врати) мора да се постави ознака „TAXI“(на латиница) и бројот од регистарот на такси превозници.

На покривот од возилото мора да има истакнато светлосен натпис „TAXI“(на латиница).

На возилото може да се истакне и заштитен знак на превозникот и телефон на кој се повикува возилото. Заштитниот знак и телефонскиот број се внесуваат на кружна површина со дијаметар од 50 cm.

**V. ТАРИФА**

Член 11

Тарифата за авто-такси превозот ја донесува Советот на општината.

Цената на превозот се наплатува врз основа на износот утврден со такси метарот според утврдената тарифа.

Се утврдува следната тарифа за пресметување на цената на превозот и услугата:

1. старт (почеток) на превоз ……............................................…20,00 ден;
2. За изминат км ……......................………………..20,00 ден;
3. Заштитна цена (превоз до 1 км) .....................................................…40,00 ден;
4. Чекање во траење од 1 мин…...........................................…….5,00 ден;
5. Чекање во траење од 1 час….........................................…..300,00 ден.

Авто-такси превозникот е должен тарифата да ја истакне на видно место во возилото.

**VI. ЛИЦЕНЦА**

Член 12

За вршење на авто-такси превоз на патници градоначалникот на општина Прилеп издава лиценца.

Лиценцата од став 1 на овој член е во важност од една година и може да ја добие домашно или правно или физичко лице (во натамошниот текст: превозник), ако ги исполнува следните услови:

1) да е впишано во Централниот регистар и да има регистрирано претежна деност: вршење на превоз на патници и стока во патниот сообраќај;

2). да се сопственик на едно или повеќе регистрирани возила или да има договор за лизинг , што ги исполнуваат посебните техничко-експлоатациони услови пропишани за возила за вршење на одделни видови на превоз:

3) да има вработено авто-такси возачи:

4). да не е во сила правосилна судска пресуда за кривично дело против имотот, стопанството или безбедноста во јавниот сообраќај:

5) во возилото со кое се врши авто-такси превоз на патници да има вградено фискален апарата и вграден исправен, пломбиран и баждарен такси метар:

6) управителот или овластеното лице одговорно за превоз да има сертификат за професионална компетентност:

7) на бочните страни (на предната или на двете врати) да има ознака „TAXI“(на латиница);

8) на покривот од возилото да има истакнато светлосен натпис „TAXI“(на латиница) и

9) возилото да е обоено во пропишаната боја од член 10 став 1 на оваа одлука.

член 13

Лиценцата се издава по барање на превозникот.

Барањето се доставува до градоначалоникот на Општината и ги содржи следните податоци:назив и седиште на превозникот, матичен број и даночен број, односно доколку подносителот е физичко лице,име и презиме, единствен матичен број,даночен број и адреса,вид на превозот за кој сака да добие лиценца,податоци за моторните и приклучните возила за кои сака да добие извод од лиценцата со кои ќе го врши превозот.

Чл.14

Кон барањето за добивање на лиценца од чл.13 на оваа Одлука,

превозникот ја приложува следната документација:

1.копија од упис во централен регистар со претежна дејност вршење на превоз на патници во патниот сообраќај и стоки -не постара од 60 дена;

2.потврда од надлежен суд дека не е во сила правосилна судска пресуда за кривично дело против имотот, стопанството или безбедноста во јавниот сообраќај-не постара од 60 дена;

3.копие од сообраќајните дозволи на возилата регистрирани на име на фирмата, заверени на нотар или копие од договорот за лизинг склучен со овластен дистрибутер заверен на нотар за моторните возила што ги користи по овај основ;

4.копие од обаразецот М1/ М2 за вработените возачи во редовен работен однос кај превозникот и потврда од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за платени придонеси не постара од 90 дена;

5.доказ дека во возилото со кое се врши авто такси превоз на патници е вграден фискален апарат;

6.копие од сертификатот за професионална компетентност за управителот на фирмата, односно на овластеното лице одговорно за превоз кое е во редовен работен однос кај превозникот, освен за трговец поединец кој врши автотакси превоз на патници;

7.копие од потврдата за исполнетост на посебните техничко експлоатациони услови за моторните возила издадена од станиците за технички преглед на моторните возила.

Чл.15

На превозникот кој ги исполнува условите пропишани за добивање на лаиценца, му се издава лиценца.

Со лиценцата на превозникот му се издава и извод од лиценцата за секое возило кое го пријавил со барањето за незино издавање.

Во изводот на лиценцата за секое возило покрај податоците од лиценцата се внесуваат и следните податоци:марка и тип на возилото; број на шасија; регистарски број; година на производство; дата на издавање; рок на важење и место за печат и потпис.

Чл.16

Изводот од лиценцата за секое возило се издава на име на превозникот на кој гласи лиценцата, со истиот рок на важење како и лиценцата и не може да се пренесе на друг превозник.

Чл.17

Доколку во рокот на важење на лиценцата настанат промени на било кој од условите утврдени во чл.12,превозникот за тоа го известува Органот надлежен за незино издавање во рок од 15 дена од денот на настанатата промена.

Чл.18

Доколку во периодот на важење на лиценцата превозникот по било кој основ го намали бројот на моторните возила за кои со издавање на лиценцата му е издаден и извод од лиценцата, во рок од 15 дена од денот на настанатата промена треба да ги врати изводите од лиценцата за тие возила кај Органот што ја издал лиценцата.

Доколку во периодот за важење на лиценцата, превозникот го зголеми бројот на моторните возила за вршење на превоз, согласно издадената лиценца потребно е до надлежниот орган што ја издал лиценцата да поднесе барање за извод од лиценцата за новите возила.

Чл.19

Органот ја издава лиценцата најкасно во рок од 30 дена од денот на приемот на комплетното барање за издавање на лиценца.

Против решението со кое се одбива барањето за издавање на лиценца може да се изјави жалба во рок од 8 дена од денот на приемот на решението до Министерот за транспорт и врски.

Чл.20

Органот надлежен за издавање лиценци за автотакси превоз на патници, на барање на превозникот ќе ја продолжи важноста на лиценцата, ако автотакси превозникот ги исполнува условите од чл.12 и приложи потврда за платен данок за вршење на дејност.

За продолжување на лиценцата не се плаќаат административни такси.

Чл.21

Превозникот е должен во возилото на видно место да истакне копие од добиената лиценца со фотографија на возачот.

Чл.22

За издадените лиценци,Одделението за комунални работи води уредна

евиденција, согласно позитивните прописи.

**7.НАДЗОР**

Чл.23

Надзор над примента на оваа Одлука врши Одделението за комунални работи, а инспекцискиот надзор го врши општинскиот инспектор за патен сообраќај.

**8.КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ**

Чл.24

За непочитување на оваа Одлука се применуваат канзнените одредби пропишани со Законот за превоз во патниот сообраќај.

Чл.25

Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за авто-такси превоз на патници во општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп" бр.3/99;4/2001 и 10/2004).

Чл.26

Оваа Одлука влегув во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл.гласник на општина Прилеп".

Број 07 - 402/5
08.02.2008 г.
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Прилеп
Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НАЧИНОТ НА ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ЈАВНИОТ ОПШТИНСКИ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за уредување начинот на превоз на патници во јавниот општински линиски превоз во Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 434/5
12.02.2008 Година
П р и л е п

Член на Советот кој
го заменува
ГРАДОНАЧАЛНИКОТ
на Општина Прилеп
Златко Димоски

Врз основа на член 22 од Законот за превоз во патниот сообракај(,,Сл.весник на РМ,,бр.68/04 и 127/06),член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа (,,Сл.весник на РМ,,бр.5/2002) и член 26 ст.1 т. 20 од Статутот на општина Прилеп(,,Сл. гласник на општина Прилеп,, бр.6/2003 и 4/2005),Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 08.02.2008 год.,донесе:

**О Д Л У К А**
за уредување начинот на превоз на патници во јавниот општински линиски превоз во општина Прилеп

**1.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ**

Чл.1

Со оваа Одлука се уредуваат условите и начинот на превоз на патници во општинскиот линиски превоз во општина Прилеп, како комунална дејност од јавен интерес.

Чл.2

За прввоз на патници што се врши на релации меѓу населени места на новооснованите општини (Долнени и Кривогаштани) и општина Прилеп од која истите произлегле,општините можат да склучат спогодба за заедничко организирање на овај вид превоз во рок од 3 месеци од денот на влегувањето во сила на оваа Одлука.

Доколку општините не склучат спогодба за заедничко организирање на овај вид превоз во определениот рок од претходниот став на овај член,превозот на патници ќе го организира Министерството за транспорт и врски.

Чл.3

Советот на општина Прилеп го уредува јавниот општински линиски превоз на патници на подрачјето на општината, при што особено утврдува:

-Единствена мрежа на линии;
-Единствен возен ред, начин на неговото истакнување,одржување и менување;
-Начин на организирање на контролата на сообраќајот на автобусите и линиите, како и евиденција за тоа;
-Тарифен систем и систем на наплата;
-Локација на автобуски терминали, свртувалишта,стојалишта и постапка за нивна измена;
-Изградба, обележување,опремување, одржување и користење на автобуските терминали, свртувалишта и стојалишта;
-Одредување на релација и место на превоз со комби возила со најмалку 9 седишта (8+1);и
-Критериуми за начинот и постапката за издавање и одземање на дозволата за вршење на општински линиски превоз и распределување на линиите на превозниците во општинскиот линиски превоз.

## 2.ЕДИНСТВЕНА МРЕЖА НА ЛИНИИ

Чл.4

Во општина Прилеп се утврдува следната мрежа на линии:
А) МРЕЖА НА ГРАДСКИ ЛИНИИ
Б) МРЕЖА НА ПРИГРАДСКИ ЛИНИИ

Чл.5

Општинскиот линиски превоз на патници се врши заради задоволување на потребите на граѓаните и тоа преку:
-постојани автобуски линии на кои превозот се врши во текот на целата година по однапред утврден возен ред;
-сезонски автобуски линии на кои превозот се врши во определени периоди од годината;
-вонредни автобуски линии на кои превозот се врши сé додека има потреба за вршење на вонреден превоз.

Со превозниците, општина Прилеп застапувана од градоначалникот склучува Договор за вршење на превоз со кој ќе се регулираат меѓусебните права и обврски.

Со Договорот од претходниот став на овај член подетално ќе се утврдат линиите за превоз и нивната фреквенција и периодот во кој ќе се експлоатира линијата, како и надоместокот за изградба, обележување,опремување,одржување и користење на автобуските свртувалишта и стојалишта.

Чл.6

Мрежата на градските и приградските автобуски линии со посебна Одлука ќе ја утврди Советот на општина Прилеп.

Приградскиот превоз на патници може да се врши од - до сите населени места во општина Прилеп и населените места на новооснованите општини.

Чл.7

Превозниците,општините кои произлегле од општина Прилеп, месните заедници и претпријатијата можат да иницираат отворање на линии, како и продолжување,скратување и укинување на постојните автобуски линии.

За отворање на нови,продолжување,скратување,или укинување на постојните автобуски линии,одлучува Градоначалникот,ако се исполнети неопходните сообраќајно -технички и економски услови.

Чл.8

Линијата на општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Прилеп има свој број и назив.

Називот на линијата се означува со името на почетното и крајното свртувалиште.

Бројот и називот на линијата се поставува на возилото, на автобуските свртувалишта и стојалишта.

Чл.9

Општинскиот линиски превоз се врши со единечни и зглобни автобуси кои ги исполнуваат техничките стандарди за вршење превоз на патници.

По исклучок превозот може да се врши и со комбе возило со најмногу 9 седишта.

Чл.10

Бојата на автобусите од надворешната страна е плава.

Автобусите од десната бочна страна имаат натпис со називот и заштитниот знак на превозникот испишан на бела основа со црна боја со кирилично писмо на македонски јазик.

Чл.11

Бројот и називот на автобуската линија е испишан на бела основа со црни печатни букви на македонски јазик со кирилично писмо и арапски бројки и се поставуваат од внатрешната страна над предното стакло во просторот определен за истакнување.

Чл.12

Автобусите во внатрешноста на возилото треба да имаат натписи и ознаки за информирање на патниците и тоа:

-бројот на регистрирани места за седење и стоење;

-натпис и ознака “ЗАБРАНЕТО ПУШЕЊЕ”;

-натпис со содржина:”седиштата првенствено се наменети за инвалиди, мајки со деца и стари лица”; и

-натпис со шематски приказ на почетното, крајното и попатните стојалишта на линијата.

Натписите се напишани на македонски јазик со кирилично писмо.

Чл.13

Качувањето и слегувањето на патниците во автобусот се врши на автобуска станица, автобуско свртилиште и стојалиште.

Патниците во автобусот влегуваат од десната предна врата, а слегуваат од средна и задната врата.

Патникот во возилото покрај рачен багаж без наплатување може да внесува и склопена детска и инвалидска количка, ловечка или спортска пушка во футрола, склопен рибарски прибор, скии и куче доколку е вакцинирано против беснило и други пропишани вакцини, а доказот за тоа му се покажува на посадата.

За други предмети патникот е должен да плати багажен билет согласно утврдената тарифа.

Превозникот е должен да ги превземе сите потребни мерки за безбеден превоз и да го прилагоди возењето према условите на патот.

Чл.14

Одредувањето на релацијата и местото на превоз со комби возила со најмалку девет седишта(8+1) со посебна Одлука го утврдува Советот на општина Прилеп.

**3.ЕДИНСТВЕН ВОЗЕН РЕД, НАЧИН НА НЕГОВО ИСТАКНУВАЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ И МЕНУВАЊЕ**

Чл.15

Општински линиски превоз на патници може да врши превозник кој ќе добие дозвола за вршење на превоз и ќе регистрира возен ред за определена линија кај градоначалникот на општината.

Возен ред е превозна исправа со која се утврдува итинерерот на линијата (насока на движење на превозното средство на автобуската линија), редоследот на автобуските свртувалишта и стојалишта и нивната оддалеченост од почетното до крајното свртувалиште, односно стојалиште, врмето на поаѓање и доаѓање на возилот на секоја станица и стојалиште, временскиот период на одржувањето на линијата и рокот на важење на возниот ред.

Покрај работите наведени во став 2 на овај член, возниот ред содржи и: назив на превозникот, број, назив и вид на линијата, просечен интервал на возење и чекање, период во кој се експлоатира линијата (зимски,летен,празничен,неделен, делничен,ноќен, постојан, сезонски, вонреден и сл.).

Чл.16

Единствен возен ред за мрежата на линии со посебна Одлука ќе го утврди Советот на општина Прилеп.

Возниот ред се истакнува во возилото, на почетно-крајните свртувалишта и на секое стојалиште.

Возниот ред на возилото го истакнува превозникот, а на свртувалиштата и стојалиштата Органот.

Превозникот е должен линиите да ги одржува согласно со регистрираниот возен ред и да застанува на автобуските свртувалишта и стојалишта.

Во текот на важењето на возниот ред, определена автобуска линија може да биде укината или изменета во случај на виша сила и во други вонредни околности, кои независно од превозникот го оневозможуваат одржувањето на автобуската линија и го отежнуваат безбедното движење на сообраќајот.

Превозникот е должен за привремено запирање на превозот на линијата веднаш да го извести градоначалникот, кој е должен пак веднаш да ја извести јавноста преку средствата за информирање.

**4.ТАРИФЕН СИСТЕМ И СИСТЕМ НА НАПЛАТА**

Чл.17

Со тарифниот систем се определува цената на превозот на патници во градскиот сообраќај, како и начинот на наплата на патниците во приградскиот сообраќај (од-до населени места во општината и населени места во општина Прилеп и општините кои произлегле од општина Прилеп).

Чл.18

Цената на превозот на градските линии од почетното до крајното стојалиште (свртувалиште),како и во рамките на една иста линија-од почетно до било кое стојалиште изнесува 20,00 ден.по патник.

Цената на превозот на градска линија која го поврзува градот со одредена дестинација надвор од градот (пр:до гробишта,Шаторов камен,езеро) изнесува 25,00 денари по патник.

Цената на багажниот билет изнесува 5,00 денари.

Чл.19

Цената на превозот на патници и цената на багажниот билет во приградскиот сообраќај ја утврдува превозникот со тарифа.

Тарифата од предходниот став на овој член ја донесува превозникот по претходно добиена согласност од градоначалникот.

По барањето за согласност на тарифата и барањето за измената на тарифата, градоначалникот треба да се изјасни во рок од 7 дена од неговото поднесување, а во спротивно ќе се применува предложената тарифа од превозникот сé до изјаснувањето на градоначалникот.

Чл.20

Превозот на патници може да се врши врз основа на издаден возен билет на кој е означен називот на превозникот, серискиот број, релацијата и цената на превозот.

**5.ЛОКАЦИЈА,ИЗГРАДБА,ОБЕЛЕЖУВАЊЕ,ОПРЕМУВАЊЕ,ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА АВТОБУСКИТЕ ТЕРМИНАЛИ,СВРТУВАЛИШТА И СТОЈАЛИШТА**

Чл.21

Автобуско свртувалиште е простор на крајните точки од градска или приградска линија наменета за качување и слегување на патници и служи за свртување на возилата заради промена на правецот на движење.

Автобуските свртувалишта се лоцирани на подрачјето на град Прилеп, на одредени дестинации надвор од градот и на почетно-крајните линии од-до населените места во општината, односно општините кои произлегле од општина Прилеп.

Автобуските стојалишта служат за застанување на возилата заради качување и слегување на патниците и истите можат да бидат почетно-крајни и попатни.

Локациите на автобуските свртувалишта и стојалишта ги определува Советот на општина Прилеп со посебна Одлука.

Чл.22

Изградбата, обележувањето,опремувањето,одржувањето и начинот на користење на автобуските свртувалишта и стојалишта го врши и организира Одделението за патишта и улици.

Чл.23

Автобуските свртувалишта и стојалишта се обележуваат со известителна табла, која содржи:натпис на автобуското свртувалиште и стојалиште, како и други натписи што служат за известување на патниците (возен ред и сл.).

Таблата од претходниот став на овој член се истакнува на видно

место на самото свртувалиште, односно стојалиште.

Коловозната површина на автобуските свртувалишта и стојалишта, наменета за застанување на автобусите се обележува со стандардни ознаки "БУС" со жолта боја.

Автобуските свртувалишта и стојалишта треба да имаат:

-настрешница за заштита на патниците од атмосверски влијанија изработена од погоден материјал;

-број и назив на линиите што поаѓаат, доаѓаат и поминуваат на свртувалиштето или стојалиштето;

-шематски приказ на мрежата на линии.

Автобуските свртувалишта и стојалишта можат да имаат и:

-урбана опрема;

-рекламни паноа;

-други уреди и содржини.

Димензиите и бојата на известителната табла, видот, големината и материјалот на настрешницата ги определува Одделението за локални патишта и улици.

Опремените и уредени свртувалишта и стојалишта ви општина Прилеп се сопственост на општината и истите можат да ги користат сите превозници кои добиле лиценца.

**6.КРИТЕРИУМИ ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА ДОЗВОЛАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА ОПШТИНСКИ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ**

Чл.24

Лиценца за вршење на општински линиски превоз издава Градоначалникот по барање на превозникот.

Лиценцата се издава на име на превозникот и не може да се пренесува на друг превозник.

Надомест за користење на автобуски стојалишта и свртувалишта изнесува 100 евра годишно, во денарска противвредност- по возило.

Чл.25

Лиценца за вршење на општински линиски превоз, може да добие домашно правно и физичко лице, ако ги исполнува следните услови:

1.Да е впишан во централниот регистар и да има регистрирано претежна дејност вршење на превоз на патници во патниот сообраќај;

2.Да е сопственик на едно или повеќе регистрирани возила или да има договор за лизинг, што ги исполнуваат посебните технички експлоатациони услови, пропишани за возила за вршење на ваквиот вид на превоз.

3.Да има вработено возачи во редовен работен однос, во зависност од бројот на возилата, минимум еден возач по возило, што ги исполнуваат условите пропишани со прописите за безбедност на сообраќајот на патиштата.

4.Управителот или овласатеното лице одговорно за превозот да има сертификат за професионална компетентност.

5.Да не е во сила правосилна судска пресуда за кривично дело против имотот, стопанството,или безбедноста во јавниот сообраќај.

6.Да има сопствен капацитет за паркирање и одржување на возилата со кои ќе го врши превозот, како и место за задржување на возилата за време кога истите не се користат,или договор заверен на нотар за обезбедено право на користење на таков капацитет за период од најмалку 4 години.

7.Да ги има подмирено јавните давачки во врска со вршење на дејноста.

Чл.26

Превозникот за добивање на лиценца поднесува барање дао градоначалникот на општината.

Барањето за добивање на лиценца ги содржи следните податоци: назив и седиште на превозникот, матичен број и даночен број, односно доколку подносителот е физичко лице име и презиме, единствен матичен број, даночен број и адреса, вид на превозот за кој сака да добие лиценца, податоци за моторните возила за кои сака да добие извод од лиценцата со кои ќе го врши превозот.

Чл.27

Кон барањето за добивање на лиценца превозникот ја приложува следната документација:

1.копие од решението за упис во централнито регистар со претежна дејност вршење на превоз на патници во патниот сообраќај и стоки, не постаро од 60 дена;

2.копие од сообраќајните дозволи на возилата регистрирани на име на фирмата, заверени на нотар или копие од договорот за лизинг склучен со овластен дистрибутер, заверен на нотар за моторните возила што ги користи по овој основ.

3.копие од обрасците М1/М2 за вработените возачи во редовен работен однос кај превозникот и потврда од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за платени придонеси не постара од 90 дена;

4.копие од сертификатот за професионална компетентност за управителот на фирмата, односно на овластеното лице одговорно за превоз кое е во редовен работен однос е превозникот;

5.потврда од надлежен суд дека не е во сила правосилна судска пресуда за кривчно дело против имотот, стопанството,или безбедноста во јавниот сообраќај, не постара од 60 дена.

6.копие од актот за поседување на сопствен капацитет за паркирање и одржување на возилата или договор заверен на нотар за користење на таков капацитет со важност од најмалку 4 години;

7.копие од потврдата за исполнување на посебните техничко експлоатациони услови за моторните возила наменети за вршење на ваквиот вид превоз,издадена од станиците за технички преглед на моторните возила.

Чл.28

Лиценцата и изводот од лиценцата се издава со рок на важење од 4 години и не може да се пренесе на друг превозник.

Превозникот е должен во рок од 6 месеци пред истекот на важноста на лиценцата да поднесе барање за издавање на нова лиценца до надлежниот орган.

Чл.29

Надлежниот орган на општината ја издава лиценцата најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на комплетното барање за издавање на лиценца.

Чл.30

Доколку во рок на важење на лиценцата настанат промени на било кои од условите утврдени во чл.21 од оваа Одлука за добивање на лиценца, превозникот за тоа го известува органот надлежен за издавање на лиценца во рок од 15 дена од денот на настанатата промена.

Чл.31

Доколку во периодот на важење на лиценцата превозникот по било кој основ го намали бројот на моторните возила за кои е издаден извод од лиценцата, во рок од 15 дена на настанатата промена,треба да ги врати изводите од лиценцата за тие возила кај Органот што ја издал лиценцата.

Доколку превозникот го зголеми бројот на моторните возила за вршење на превоз согласно издадената лиценца, потребно е да поднесе барање за издавање на извод од лиценца за новите возила.

Чл.32

Општински линиски превоз на патници можат да вршат превозници кои имаат лиценца за вршење на таков вид на превоз.

Истиот се врши врз основа на дозвола за определена линија што ја издава градоначалникот на општината.

Превозникот кој има лиценца за вршење на општински линиски превоз на патници, може да отпочне со вршење на превоз, откако ќе добие дозвола и ќе регистрира возен ред за определена линија кај градоначалникот на општината.

Дозволата и возниот ред од став 3 на овој член се издаваат со рок на важност од 4 (чеитири) години.

Чл.33

Посебен линиски превоз на патници е превоз само на определена група патници со исклучување на други патници.Со посебниот линиски превоз на патници се врши превоз на ученици од дома до училиште и обратно и наработници од дома до местото на работа и обратно.

Посебниот линиски превоз на патници се врши со автобуси, а може да се врши и со патнички возила со 8+1 седиште,врз основа на договор склучен во писмена форма меѓу правното лице кое го нарачува превозот и превозникот. Составен дел на договорот за извршување на

превозот е списокот на патниците кои се превезуваат.При извршувањето на посебниот линиски превоз на патници, во возилото мора да се наоѓа дозволата и договорот со списокот на патници.

Чл.34

За извршување на превозот од чл.29 на оваа Одлука превозникот мора да прибави дозвола.
Дозволата за вршење на ваков вид на превоз ја издава градоначалникот на општината.

Против решението со кое се одбива барањето за вршење на ваквиот вид на превоз може да се изјави жалба во рок од 8 дена на приемот на решението до министерот за транспорт и врски.

Кон барањето за издавање на дозволата превозникот е должен да достави:

1.копие од централниот регистар дека е регистриран за вршење на дејност превоз на патници во патниот сообараќај;

2.доказ дека поседува намјалку 1 возило во сопственост или по договор за лизинг кое ги исполнува посебните технички експлоатациони услови пропишани за возила за вршење на превоз и патници;

3.договор склучен со правно лице со список на патниците што ќе се превезуваат.

4.временски термини на поаѓање и враќање во кои ќе се врши превозот.

5.вработени возачи во редовен работен однос кои ги исполнуваат условите пропишани со прописите за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Дозволата се издава со рок на важење за кој се договориле превозникот и нарачателот на превозот, а најдолго за периот од 1 година.

Превозникот за добивање на дозволата плаќа 100 евра во денарска противвредност ако истата е издадена за 1 година, или 10 евра месечно во денарска противвредност, ако истата е издадена на пократок период.

Патнициате кои се превезуваат со овај вид на превоз мора кај себе да имаат доказ за идентификација.

## 7.НАДЗОР И КОНТРОЛА НА СООБРАЌАЈОТ НА АВТОБУСИТЕ И ЛИНИИТЕ

Чл.35

Надзор над примената на оваа Одлука врши Одделението за патишта и улици на општина Прилеп.

Инспекциски надзор и контрола на општинскиот превоз на патници, авто-такси превозот на патници и посебниот линиски превоз на патници што се врши на подрачјето на општината, го врши овластениот инспектор за патен сообраќај, согласно законските и подзаконските прописи на оваа област.

## 8.КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Чл.36

За непочитување на оваа Одлука се применуваат казнените одредби пропишани со Законот за превоз во патниот сообраќај.

## 9.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Чл.37

Превозниците кои вршат општински линиски превоз се должни да го усогласат своето работење со Одредбите на оваа Одлука во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на оваа Одлука.

Чл.38

Превозниците се должни да ја усогласат бојата на возилата определена во чл.10 од оваа Одлука во рок од 1 година од денот на влегувањето во сила на оваа Одлука.

Чл.39

Со влегувањето во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за уредување на начинот на превоз на патници во јавниот градски и приградски сообраќај во општина Прилеп (“Сл.гласник на општина Прилеп”бр.3/99).

Чл.40

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Прилеп”.

Број 07 - 402 /6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
08.02.2008 год. на Советот на општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УЛИЦИ (ПАТНИ ПРАВЦИ) ПО КОИ ЌЕ СЕ ДВИЖАТ ТЕШКИТЕ ТОВАРНИ ВОЗИЛА ЧИЈА ВКУПНА ТЕЖИНА Е ПОГОЛЕМА ОД 7 ТОНИ**

1. Одлуката за изменување на Одлуката за улици (патни правци) по кои ќе се движат тешките товарни возила чија вкупна тежина е поголема од 7 тони, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 434/6 Член на Советот кој
12.02.2008 Година го заменува
П р и л е п ГРАДОНАЧАЛНИКОТ
на Општина Прилеп
Златко Димоски

Врз основа на член 6 став 1 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Сл.весник на Р. Македонија„бр.54/2007) и член 26 с.1,т10 од Статутот на општина Прилеп("Сл.гласник на општина Прилеп„бр. 6/2003 И 4/2005 ),Советот на општина Прилеп,на седницата одржана на 08.02.2008 година, донесе:

О Д Л У К А
за изменување на Одлуката за улици (патни правци) по кои ќе се движат тешките товарни возила чија што вкупна тежина е поголема од 7 тони

Член 1

Во насловот од Одлуката во ред втори, зборовите: "од 7 тони" се заменуваат со зборовите: "од 15 тони".

Во член 1 ред 2; член 2 ред 1 и во член 3 ред 3 во Одлуката за улици (патни правци) по кои ќе се движат тешките товарни возила чија што вкупна површина е поголема од 7 тони(„Службен гласник на општина Прилеп„ бр.4/2001) бројката **„7 тони„** се заменува со бројката **„15 тони„**.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Прилеп„.

Број 07 - 402/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
08.02.2008 година на Советот на општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАБРАНА НА ДВИЖЕЊЕ ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ НА ТЕШКИ ТОВАРНИ ВОЗИЛА ЧИЈА ВКУПНА ТЕЖИНА НАДМИНУВА 7,5 ТОНИ**

1. Одлуката за забрана на движење во централното градско подрачје на тешки товарни возила чија вкупна тежина надминува 7,5 тони, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 434/7 Член на Советот кој
12.02.2008 Година го заменува
П р и л е п ГРАДОНАЧАЛНИКОТ
на Општина Прилеп
Златко Димоски

Врз основа на член 6 став 1 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Сл.весник на Р. Македонија„бр.54/2007) и член 26 с.1,т10 од Статутот на општина Прилеп("Сл.гласник на општина Прилеп„бр. 6/2003 и 4/2005 ),Советот на општина Прилеп,на седницата одржана на 08.02.2008 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за забрана на двжење на тешки товарни возила чија што вкупна тежина **надминува 7,5** тони во централното градско подрачје

Член 1
Се забранува движење на тешки товарни возила , чија што вкупна тежина надминува 7,5 тони, во централното градско подрачје и тоа по следните улици:

- ,,ЈОСКА ЈОРДАНОСКИ,, од спојот со ул. ,,11-ти ОКТОМВРИ,, до спојот со Бул.,,Г.ДЕЛЧЕВ,,;
- ,,ВАСКО КАРАНГЕЛЕСКИ,, од спојот со ул.,,11-ти ОКТОМВРИ,,до спојот со Бул.,,Г.ДЕЛЧЕВ,,;
- ,,ПРИЛЕПСКИ БРАНИТЕЛИ,,од спојот со ул.,,АРХИЕПИСКОП ДОСИТЕЈ,, и ул.,,МИЦЕ КОЗАР,, до спојот со Бул.,,Г.ДЕЛЧЕВ,,
- Бул.,,Г.ДЕЛЧЕВ,, од спојот со ул.,,ЈОСКА ЈОРДАНОСКИ,,и ул.,,ВАСКО КАРАНГЕЛЕСКИ,, до спојот со ул. ,,КУЗМАН ЈОСИФОСКИ,,;
- ,,КЕЈ 1-ви МАЈ,,од спојот со ул.,,11-ти ОКТОМВРИ,, до спојот со ул.,,СОТКА ЃОРЃИОСКИ,,
- ,,КЕЈ 9-ти СЕПТЕМВРИ,,од спојот со ул.,, СОТКА ЃОРЃИОСКИ,, до спојот со ул.,,МИРЧЕ АЦЕВ,,
- ,,МЕТОДИЈА ШАТОРОВ ШАРЛО,, од спојот со ул.,,АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ,, до спојот со ул.,,КЕЈ 1-ви МАЈ,,.

Член 2
Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Прилеп,,.

Број 07 - 402/8
08.02.2008 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Димитар Стеванаџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПАРКИРАЛИШТА НА КОИ ЌЕ СЕ ВРШИ НАПЛАТА НА ПАРКИРАЊЕ**

1. Одлуката за одредување на јавните паркиралишта на кои ќе се врши наплата на паркирање, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 434/8
12.02.2008 Година
П р и л е п

Член на Советот кој го заменува
ГРАДОНАЧАЛНИКОТ
на Општина Прилеп
Златко Димоски

Врз основа на член 4 став 2 од Одлуката за **условите и начинот на паркирање, организација и начинот на паркирање, организација, уредување и начин на наплата на јавните паркиралишта, како и блокирање, деблокирање, преместување и чување на возила на подрачјето на општина Прилеп** Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 08.02. 2008 годinа, донесе:

**О Д Л У К А**
**за одредување на јавните паркиралишта на кои ќе се врши наплата на паркирање**

Чл.1
Наплата на надоместок за паркирање ќе се извршува на следните јавни паркиралишта на територијата на град Прилеп: Паркиралиште кај ЦПРТВ Прилеп, Паркиралиште спроти Општина Прилеп, Паркиралиште пред болница „Борка Талески", Паркиралиште пред железничка станица, Паркиралиште кај Дом на АРМ и Македонски Телекомуникации, Паркиралиште кај градскиот пазар, Паркиралиште на улица „Леце Котески" од крстосница со ул.„Ленин" до пред влезот во ГП „Прилепец", Паркирање на тротоар на бул.„Гоце Делчев"-од двете страни на булеварот, од пресекот со ул.„Браќа Ламески" до пресекот со ул.„Димо Наредникот" (оставајќи слободни површини кај крстосниците согласно законските прописи), Паркирање на тротоар на ул.„Прилепски Бранители" од двете

страни на улицата од пресекот со бул.„Гоце Делчев“ до пресекот со ул.„Мице Козар“ (од десната страна) и до излезот од паркингот кај Дом на АРМ (од левата страна), паркинг простор на ул. „Кузман Јосифоски“ пред дом на култура, паркирање на ул.„Кеј 1ви Мај од крстосница со ул.„Борка Талески“ до крстосница со ул.„Сотка Ѓорѓиоски“, паркинг простор на ул.„Андон Слабејко“, Паркирање на ул.„Кеј 1-ви Мај“ од едната страна од пресекот со ул.„Браќа Ламески“ до пресекот со ул.„Борка Талески“, Зона на смирен сообраќај со дозволено паркирање со границите крстосница помеѓу ул.„Браќа Ламески“ и ул. „Илинденска“ крстосница на ул. „Јане Сандански“ и „Браќа Ламески“ крстосница на ул.„Херој Карпош“ и „Браќа Ламески“ крстосница на ул.„Кеј 1-ви Мај“ и „Браќа Ламески“ и крстосница на ул.„Кеј 1-ви Мај“ со „Кеј 1-ви Мај“ пред „Ла Костас“, паркинг простор на ул.„Републиканска позади зградите на бул.„Гоце Делчев“ на страната од зграда „Македонија“, паркирање на ул.„Кеј 1ви Мај“ од крстосница со ул.„Борка Талески“ до крстосница со ул.„Сотка Ѓорѓиоски“.

Делот од градот од претходниот став е поделен на четири подрачја.

Наплата на надоместок за паркирање се врши и на обележаните паркинг места на улиците од став 1 од овој член.

Чл.2

Јавните паркиралишта на кои се врши наплата поделени се во четири зони:

- 0 зона ги опфаќа следните паркиралишта: зона на смирен сообраќај со дозволено паркирање со границите: крстосница помеѓу ул.„Браќа Ламески“ и ул. „Илинденска“ крстосница на ул. „Јане Сандански“ и „Браќа Ламески“ крстосница на ул.„Херој Карпош“ и „Браќа Ламески“ крстосница на ул.„Кеј 1-ви Мај“ и „Браќа Ламески“ и крстосница „Кеј 1-ви Мај“ со „Кеј 1-ви Мај“ пред „Ла Костас“, паркирање на тротоар на бул.„Гоце Делчев“ од крстосница со ул.„Браќа Ламески“ до крстосница со ул.„Прилепски Бранители“.
- 1 зона ги опфаќа следните паркиралишта: паркирање на тротоар на бул.„Гоце Делчев“-од двете страни на булеварот од пресекот со ул.„Прилепски Бранители“ до пресекот со ул.„Кузман Јосифоски“, (оставајќи слободни површини кај крстосниците согласно законските прописи); Паркирање на тротоар на ул.„Прилепски Бранители“ од двете страни на улицата, од пресекот со бул.„Гоце Делчев“ до пресекот со ул.„Мице Козар“ (од десната страна) и до излезот од паркингот кај Дом на АРМ (од левата страна); паркиралиште кај ЦПРТВ, Паркиралиште кај Дом на АРМ и Македонски Телекомуникации, паркиралиште кај градскиот пазар, паркинг простор на ул.„Републиканска“ позади зградите на бул.„Гоце Делчев“ на страната на зграда „Македонија“, паркинг простор на ул. „Кузман Јосифоски“ пред дом на култура,
- 2 зона ги опфаќа следните паркиралишта: Паркирање на коловоз на ул.„Кеј 1-ви Мај“ од едната страна, од пресекот со ул.„Браќа Ламески“ до пресекот со ул.„Борка Талески“, паркиралиште спроти зградата на Општина Прилеп, паркиралиште пред железничка станица, паркирање на бул.„Гоце Делчев“ од крстосница со ул.„Кузман Јосифоски“ до пресекот со ул.„Димо Наредникот“, паркирање на ул.„Кеј 1ви Мај“ од едната страна од крстосница со ул.„Браќа Ламески“ до пресекот со ул.„Борка Талески“.
- 3 зона ги опфаќа следните паркиралишта: Паркиралиште на ул.„Андон Слабејко“, паркиралиште пред болница „Борка Талески“, паркиралиште на ул.„Леце Котески“ од крстосница со ул.„Ленин“ до пред влезот во ГП „Прилепец“

Зоните од претходниот став од овој член се означени според следното:

- 0 зона е означена со црвена боја
- 1 зона е означена со портокалова боја
- 2 зона е означена со жолта боја
- 3 зона е означена со сина боја

Чл.3

Паркинг местата на јавните површини од член 2 од оваа Одлука се означуваат со хоризонтални ознаки во сина боја.

Чл.4

Надоместокот за паркирање на возила на јавните паркиралишта се плаќа во работните денови во временскиот период на летно сметање

на времето од 07.00 до 22.00 односно во периодот на зимско сметање на времето од 07.00 до 21.00 часот.

Надоместок за паркирање на возило на јавни паркиралишта не се плаќа во недела и за време на државни празници.

Чл.5

Оваа одлука стапува на сила 8-от ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Прилеп“.

Број 07 - 402/9
08.02.2008 год.
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на општина Прилеп
Димитар Стеванаџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКИТЕ БРОЈ 02-108/1-7 ОД 27.12.2007 ГОДИНА И БРОЈ 02-27/1-2 ОД 25.01.2008 ГОДИНА, ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАДОМЕСТ НА ПАЗАРНИТЕ УСЛУГИ, БРОЈ 02-179/1-3 ОД 01.12.2006 ГОДИНА**

1. Решението за давање согласност на Одлуките број 02-108/1-7 од 27.12.2007 година и број 02-27/1-2 од 25.01.2008 година, за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на надомест на пазарните услуги, број 02-179/1-3 од 01.12.2006 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 434/9
12.02.2008 Година
Прилеп

Член на Советот кој
го заменува
ГРАДОНАЧАЛНИКОТ
на Општина Прилеп
Златко Димоски

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96, 6/2002 и 40/2003) член 36 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 08.02.2008 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за давање согласност на Одлуките број 02-108/1-7 од 27.12.2007 година и број 02-27/1-2 од 25.01.2008 година, за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на надомест на пазарните услуги,број 02-179/1-3 од 01.12.2006 година

1. Се дава согласност на Одлуките број 02-108/1-7 од 27.12.2007 година и број 02-27/1-2 од 25.01.2008 година, за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на надомест на пазарните услуги, број 02-179/1-3 од 01.12.2006 година.

2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 402/10
08.02.2008 год.
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Димитар Стеванаџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА ВТОР ЛЕАП НА ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за усвојување на иницијативата за изработка на Втор ЛЕАП на општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 434/10
12.02.2008 Година
Прилеп

Член на Советот кој
го заменува
ГРАДОНАЧАЛНИКОТ
на Општина Прилеп
Златко Димоски

Врз основа на член 22 став 1 точка 2 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/2002) и член 14 став 1 точка 2 и член 26 став 1 точка 11 од Статутот на општина Прилеп ("Службен гласник на општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 08.02.2008 година, донесе:

## О Д Л У К А
за усвојување на иницијативата за изработка на Втор ЛЕАП на Општина Прилеп

Член 1

Се усвојува Иницијативата за изработка на Втор Локален Акционен Еколошки План на Општина Прилеп и аплицирање за финансиска поддршка од Програмата РЕЦ.

Член 2

Се потврдува финансиското учество на Општина Прилеп во процесот на изработка на ЛЕАП-от и определениот износ во текот на 2008 и 2009 година.

Финансиското учество на Општина Прилеп може да биде во материјални и човечки ресурси.

Член 3

Се потврдува дека постои консенсус - одлука за програмирање на локалниот буџет во периодот од 2009 - 2010 година на начин што ќе се осигури кофинансирање на инвестиционата компонента (Компонента 3) од минимум 50%.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп.

Број 07-402/11
08.02. 2008 год.
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Димитар Стевананција

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБОР НА ЧЛЕН НА КОМИСИЈАТА ЗА ОПШТЕСТВЕНИ ДЕЈНОСТИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП

1. Решението за разрешување и избор на член на Комисијата за општествени дејности на Советот на општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 434/11
12.02.2008 Година
П р и л е п

Член на Советот кој го заменува
ГРАДОНАЧАЛНИКОТ
на Општина Прилеп
Златко Димоски

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/2002) и член 44 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 08.02.2008 година, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување и избор на член на Комисијата за општествени дејности на Советот на Општина Прилеп

1. ДАРКО НАСЕСКИ, се разрешува од член на Комисијата за општествени дејности на Советот на Општина Прилеп.

2. МИЛЕ ЖЕЛЧЕСКИ, се избира за член на Комисијата за општествени дејности на Советот на Општина Прилеп.

3. Решението да се достави до именованите, архивата, и Градоначалникот на Општина Прилеп.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 402/12 ПРЕТСЕДАТЕЛ
08.02.2008 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБОР НА ЧЛЕН НА КОМИСИЈАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ, ЛИЧНОСТИ И ПРАЗНИЦИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Решението за разрешување и избор на член на Комисијата за одбележување на значајни настани, личности и празници на Советот на општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 434/12 Член на Советот кој
12.02.2008 Година го заменува
П р и л е п ГРАДОНАЧАЛНИКОТ
на Општина Прилеп
Златко Димоски

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/2002) и член 44 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 08.02.2008 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за разрешување и избор на член на Комисијата за одбележување на значајни настани, личности и празници на Советот на Општина Прилеп

1. ДАРКО НАСЕСКИ, се разрешува од член на Комисијата за одбележување на значајни настани, личности и празници на Советот на Општина Прилеп.

2. МИЛЕ ЖЕЛЧЕСКИ, се избира за член на Комисијата за одбележување на значајни настани, личности и празници на Советот на Општина Прилеп.

3. Решението да се достави до именуваните, архивата, и Градоначалникот на Општина Прилеп.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 402/13 ПРЕТСЕДАТЕЛ
08.02.2008 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБОР НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ КОЈ** ПРИСУСТВУВА П**РИ СКЛУЧУВАЊЕ НА БРАКОВИ ВО МК ВИТОЛИШТЕ, МК ТОПОЛЧАНИ И МК КАНАТЛАРЦИ**

1. Решението за разрешување и избор на член на Советот кој учествува при склучување на бракови во МК Витолиште, МК Тополчани и МК Канатларци, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 434/13 Член на Советот кој
12.02.2008 Година го заменува
П р и л е п ГРАДОНАЧАЛНИКОТ
на Општина Прилеп
Златко Димоски

Врз основа на член 29 став 1 од Законот за семејството ("Службен весник на РМ" 83/2004- пречистен текст) член 44 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 08.02.2008 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за разрешување и избор на член на Советот кој присуствува при склучување на бракови во МК Тополчани, МК Канатларци и МК Витолиште

1. ДАРКО НАСЕСКИ, се разрешува од член на Советот кој присуствува при склучување на бракови во МК Тополчани, МК Канатларци и МК Витолиште.

2. МИЛЕ ЖЕЛЧЕСКИ, се избира за член на Советот кој присуствува при склучување на бракови во МК Тополчани, МК Канатларци и МК Витолиште.

3. Решението да се достави до именованите, архивата, Градоначалникот на ОПштина Прилеп, УВП - Прилеп и Министерството за правда - ПЕ Прилеп.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 402/14
08.02.2008 год.
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИИЈАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПАЗАРНАТА ВРЕДНОСТ НА НЕДВИЖНИОТ ИМОТ ПРИ ПРОМЕТОТ**

1. Решението за дополнување на Решението за именување на членови на Комисиијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот при прометот, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 434/14
12.02.2008 Година
П р и л е п

Член на Советот кој го заменува
ГРАДОНАЧАЛНИКОТ
на Општина Прилеп
Златко Димоски

Врз основа на член 5 став 2 од Законот за даноците на имот ("Службен весник на РМ" бр. 61/2004) и член 26 став 1 точка 39 и член 35 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласни на Општина Прилеп" бр.6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 08.02.2008 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за дополнување на Решението за именување членови на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот при прометот

1. Во Решението на именување членови на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот при прометот, ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 1/2006, 6/2006, 12/2007 и 20/2007) во точка 1 по алинеата 6 се додаваат 25 (дваесетипет) нови алинеи кои гласат:

- Керпичоска Снежана, правен факултет,
- Петреска Елизабета, правен факултет
- Талеска Анета, правен факултет,
- Талеска Татјана, правен факултет,
-Огнаноска-Ѓуракова Весна, правен факултет,
- Ѓоргоски Киро, економски факултет,
- Јовчески Кирил, правен факултет,
-Ковилоска Ружа, ВСС, правник,
- Самакоска Цветанка, ВСС, економски фак. ,
- Кулевска Маја, Економски фак.,
- Спиркоска Александра, Економски факултет,
-Анѓелкоска Соња, ВСС Економски факултет,
- Велеска Катерина, средно техничар,
- Стојаноски Горан, Економски факултет,
- Стеваноска Благица, Економски факултет,
- Стојковска Тајна, Економски факултет,
- Кусибојоска Татјана, Економски факултет,

- Огненоска Мирјана, Економски факултет
- Смилески Љубен, ВСС Економски факултет,
- Бунтеска Елизабета, Економски факултет,
- Трајкоска Даниела, ВСС Економски факултет,
- Богески Методија, Економски факултет,
- Вурмески Станко, Економски факултет,
- Атанасоска Христина, Економски факултет,
- Кукуноски Николче, ВСС Економски факултет.

2. Решението да се достави до именованите, Градоначалникот и архивата и благајната на Општина Прилеп.

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 402/15 ПРЕТСЕДАТЕЛ
08.02.2008 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Димитар Стеванаџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛОНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2008 ГОДИНА**

1. Програмата за изменување и дополонување на Програмата за уредување на земјиштето на подрачјето на општина Прилеп за 2008 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 434/15 Член на Советот кој
12.02.2008 Година го заменува
Прилеп ГРАДОНАЧАЛНИКОТ
на Општина Прилеп
Златко Димоски

Врз основа на член 45 од Законот за градежното земјиште ("Службен весник на РМ" бр. 53/2001) и член 43 точка 7 од Статутот на Општина прилеп ("Службен гласник на Општина прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на ден 08.02.2008 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
за изменување и дополнување на
ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ
НА ЗЕМЈИШТЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА
ОПШТИНА ПРИЛЕП
ЗА 2008 ГОДИНА

Чл.1

Во Програмата за уредување на земјиштето на подрачјето на општина Прилеп за 2008 година ("Сл.гласник на општина Прилеп" бр.1/2008) во глава JD –изградба на патишта и улици бројката "40" се заменува со бројката"31" .

Чл.2

Во глава JD –изградба на патишта и улици после точка 31 се додаваат следните точки:

"32.Коловозна конструкција за ул."Радовишка"……………………430м;
33.Коловозна конструкција за ул."Ножот"…....................................600м;
34.Коловозна конструкција на локален пат Тополчани-Канатларци…….5.500м;
35.Коловозна конструкција на локален пат Боротино-Веселчани………..1.700м;
36.Коловозна конструкција на локален пат Ерековци-Клепач……………2.300м;
37.Коловозна конструкција на локален пат Подмол-Лопатица……………3.500м;
38.Коловозна конструкција на локален пат Слива-Бонче…………………,3.000м;
39.Коловозна конструкција на локален пат од Р-5-106-Радобил…….....4.000м.".

Чл.3

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 - 402/16 ПРЕТСЕДАТЕЛ
08.02.2008 година на Советот на општина Прилеп
Прилеп Димитар Стеванаџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2008 ГОДИНА**

1. Програмата за изменување и дополнување на Програмата за донесување на урбанистички планови на територијата на општина Прилеп за 2008 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

| | |
|---|---|
| Број 08 – 434/16 | Член на Советот кој |
| 12.02.2008 Година | го заменува |
| П р и л е п | ГРАДОНАЧАЛНИКОТ |
| | на Општина Прилеп |
| | Златко Димоски |

Врз основа на чл.17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.51/05 и 137/2007),чл.22,ст.1,т.1 ичл.36 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/02) и чл.26,став 1 ,т.7 од Статутот на општина Прилеп(Сл.гласник на општина Прилеп бр.6/03 и 4/2005), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 08.02. 2008 година, ,донесе:

**П Р О Г Р А М А**
за измена и дополнување на Програмата за донесување на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2008 година

чл.1

Во Програмата за донесување на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2008 год.("Сл.гласник на општина Прилеп" бр.1/2008),во глава В-УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛА ,точките 1,5,6,7 и 9 се бришат .

чл.2

По глава Г-урбанистички планови вон населено место ,се додава нова глава Д и гласи:

"Д.ОПШТИ АКТИ ЗА НАСЕЛЕНИ МЕСТА

1.Општ акт за населено место Мало Коњари;

2.Општ акт за населено место Бонче;

3.Општ акт за населено место Крушевица;

4. Општ акт за н.м.Дуње;

5. Општ акт за населено место Чаниште;

6. Општ акт за населено место Бешиште;

7. Општ акт за населено местоГолем Радобил;

8. Општ акт за населено место Никодин;

9. Општ акт за населено место Манастир;

10. Општ акт за населено место Шелеверци;

11.Општ акт за населено место Марул;

12. Опш акт за населено место Клепач"

чл.3

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во " Службен гласник на општина Прилеп.

| | |
|---|---|
| Број 07 - 402/17 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 08.02.2008 година | на Советот на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Димитар Стевананџија |

### С О Д Р Ж И Н А

*на "Службен гласник на Општина Прилеп"*
*број 3 од 12.02.2008 година*

1. Заклучок за усвојување на Информацијата за капитално-инвестицискиот проект за изградба на пречистителна станица за отпадни води и санација на дел од канализационата мрежа во Прилеп.....................................................................................**Стр.1**
2. Заклучок за усвојување на Информацијата за состојбата со заразните заболувања во општина Прилеп. ........................................................................................**Стр.2**
3. Одлука за потпишување Повелба за пријателство и соработка на Општина Прилеп, Република Македонија и Општина Винсент - Перт, Западна Австралија..........................................................................................................................**Стр. 2**
4. Одлука за авто-такси превоз на патници во општина Прилеп. ............**Стр. 3**
5. Одлука за уредување начинот на превоз на патници во јавниот општински линиски превоз во Општина Прилеп....................................................................................**Стр. 7**
6. Одлука за изменување на Одлуката за улици (патни правци) по кои ќе се движат тешките товарни возила чија вкупна тежина е поголема од 7 тони. ..........................................................................................................................**Стр. 14**
7. Одлука за забрана на движење во централното градско подрачје на тешки товарни возила чија вкупна тежина надминува 7,5 тони. ..........................................**Стр. 14**
8. Одлука за одредување на јавните паркиралишта на кои ќе се врши наплата на паркирање. ...................................................................................................**Стр. 15**
9. Решение за давање согласност на Одлуките број 02-108/1-7 од 27.12.2007 година и број 02-27/1-2 од 25.01.2008 година, за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на надомест на пазарните услуги, број 02-179/1-3 од 01.12.2006 година. ..................................................................................................**Стр. 17**
10. Одлука за усвојување на иницијативата за изработка на Втор ЛЕАП на општина Прилеп. ............................................................................................................**Стр.17**
11. Решение за разрешување и избор на член на Комисијата за општествени дејности на Советот на општина Прилеп. .......................................................................**Стр. 18**
12. Решение за разрешување и избор на член на Комисијата за одбележување на значајни настани, личности и празници на Советот на општина Прилеп. .....**Стр. 19**
13. Решение за разрешување и избор на член на Советот кој присуствува при склучување на бракови во МК Витолиште, МК Тополчани и МК Канатларци. ..**Стр. 19**
14. Решение за дополнување на Решението за именување на членови на Комисиијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот при прометот. ..........................................................................................................................**Стр. 20**
15. Програма за изменување и дополонување на Програмата за уредување на земјиштето на подрачјето на општина Прилеп за 2008 година. ............................**Стр. 21**
16. Програма за изменување и дополнување на Програмата за донесување на урбанистички планови на територијата на општина Прилеп за 2008 година. ......**Стр. 22**

ИЗДАВА: Општина Прилеп
ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Марјан Ристески - Градоначалник на Општина Прилеп
ДИЗАЈН И КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА: Горица Чатлеска
ПЕЧАТИ: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 60 примероци.